UDC: 343.3/.7:502/504(497.7)
343:504.5(497.7)

# ANALYSIS OF CRIMES AGAINST THE ENVIRONMENT AND HUMAN HEALTH, WITH SPECIAL REFERENCE TO THE CRIME - ENVIRONMENTAL POLLUTION

**Gazepova Veronika**
PhD student, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip

**Abstract**

The starting goal of this paper is an analysis of crimes against the environment and human health, which is a separate chapter of the Criminal Code, but special emphasis is placed on the crime of Environmental Pollution from Article 218 of the Criminal Code, as one of the most common crimes committed on the territory of RNM. The first part of the paper shows the necessity and urgency of increasing the criminal-legal protection of the environment and nature, as well as the legislation that covers these crimes, especially the above-mentioned crime - its elements, i.e. its very definition, and in the second part the paper includes an analysis of the most common crimes, compared by gender, age, conviction, etc. Data are drawn from the State Statistics Office, which are available by year, as well as from court decisions, the number of guilty perpetrators, compared to those who have not been found guilty for the period of the last few years, that is, from 2017 - 2023, according to the available statistical data, and the most common crimes committed on the territory of RNM in this time period are included.

***Keywords***: *crimes against the environment and nature; criminal – legal protection; environmental pollution*

# АНАЛИЗА НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО - ЗАГАДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Газепова Вероника**
Докторанд, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип

**Апстракт**

Појдовната цел на овој труд е анализа на кривичните дела против животната средина и здравјето на луѓето која е посебна глава од Кривичниот законик, но посебен акцент се става на кривичното дело Загадување на животната средина од член 218 од КЗ, како едно од најчестите кривични дела сторени на територијата на РСМ. Првиот дел на трудот, ја прикажува неопходноста и итноста за зголемување на кривично – правната заштита на животната средина и природата, како и законодавството кое ги опфаќа овие кривични дела, особено горенаведеното кривично дело – неговите елементи, односно самото негово дефинирање, а во вториот дел од трудот е опфатена анализа на најчестите кривични дела, споредено по пол, години, осуденост итн. Податоци се црпени од Државен завод за статистика, кои се достапни по години, како и од одлуки на судовите, бројот на виновни сторители, наспрема оние кои не се прогласени за виновни за периодот од последните неколку години, односно од 2017 - 2023 година, според достапните статистички податоци, а се опфаќаат и најчестите кривични дела сторени на територијата на РСМ во овој временски период.

***Клучни зборови***: *кривични дела против животната средина и природата; кривично – правна заштита; загадување на животната средина.*

**Вовед**

Самиот технички развиток на современото општество, му наметнува начин на живот кој во голема мера влијае врз квалитетот на животната средина, чии активности претставуваат значителен ризик, со предизвикување штетни последици. Но, за нормално функционирање на човекот, дозволено е загадување до одредено ниво на животната средина, но сè доколку тоа не е на штета на самата природа и доколку не е во спротивност на законот. Секое загадување може да биде во дозволени, односно толерантни граници (се смета за нормално загадување за денешни услови) и тогаш тоа не се класифицира како еколошки деликт (Кацарски, 2013).

Сè поатрактивен заради високиот профит и заради неговото потешко откривање е еколошкиот криминалитет, кој се јавува во различни форми како: загадување на животната средина, илегална трговија со животни, нелегални емисии и испуштања на супстанции во воздухот итн.

Еколошкиот криминалитет како општествена појава е позната уште многу одамна, но сегашните состојби укажуваат на негово енормно проширување и затоа неопходно е брзо воспоставување на построги правила, особено во делот на кривичните дела кои опфаќаат широко распространета штета на животната средина.

Еколошкиот криминал и прашањата за животната средина се особено важни за Северна Македонија, како земја во развој каде што главните предизвици во оваа област се идентификуваат во загадувањето на воздухот, управувањето со отпад, квалитетот на водата, заштитата на природата и индустриското загадување и управување со ризици (Мукоска, 2021). Највисок степен на опасност носат кривичните дела кои можат да ги сторат само правно одговорните лица (Lilic, 2014). Ваквата формулација води кон тоа дека сторители на кривичните дела можат да бидат сите граѓани – физички и правни лица. Нормите на кривичното право од еколошки карактер имаат за цел, преку кривично – правни санкции да ги сузбијат противправните активности на правните субјекти на подрачјето на еколошкото право (Joldzic, 1997).

Огромен исчекор е направен во делот на криминализација на делата кои се однесуваат на уништување на животната средина, со измена и дополнување на законските регулативи, преку транспонирање на европското законодавство во нашиот правен систем, како и казнувањето на самите сторители.

Како последно заштитно средство за кривично – правна заштита на животната средина е Кривичниот законик. Кривичните дела со кои се уништува, или на било каков начин се загрозува животната средина и природата, се квалификуваат како најтешки кривични дела затоа што имаат највисок степен на општествена одговорност, а оставаат последици и за идни генерации.

Појдовната цел на овој труд е да се направи детална разработка на домашното законодавство во поглед на кривично – правната заштита на животната средина, анализа на кривичните дела против животната средина и природата, особено за кривичното дело загадување на животната средина од член 218 од КЗ, анализа статистички податоци од судски пресуди за најчестите кривични дела сторени на територијата на РСМ а кои спаѓаат во групата на кривични дела против животната средина и природата, како и статистички податоци за број на осудени сторители врз различни критериуми согласно достапни податоци во РСМ.

**Еколошки кривични дела**

Еколошките кривични дела или уште познати и како еколошки злосторства, ги опфаќаат сите дејствија сторени спротивно на закон, а со кои се нанесува штета врз животната средина и природата. Од своето основање во 1984 година, Агенцијата за истраги за животната средина го разоткрива еколошкиот криминал ширум светот и бара поголема политичка поддршка за силни мерки за спроведување против овие злосторства (Banks, D., Davies, C., Gosling, J., Newman, J., Rice, M., Wadley, J., Walravens, F., 2008).

Овие кривични дела предизвикуваат директни или индиректни последици, се квалификуваат како дела без жртви, овозможуваат огромни профити за сторителите што ги

прави многу поатрактивни за криминалците отколку другите видови на кривични дела. Еколошките кривични дела постепено го заземаат местото на транснационални кривични дела, чиишто последици може да се чувствуваат на поголем број територии. Нискиот степен на откривање на сторителите, како и малата контрола во кое спаѓа слободната трговија и лесната комуникација, потоа и ниското казнување на сторителите на овој вид на кривични дела, предизвикува да нивниот број расте со текот на годините.

Еколошкиот криминал е третата најпрофитабилна категорија криминал на глобално ниво, со трошоци до 246 милијарди евра годишно (Markovic, 2022). Станува збор за динамична категорија која е во постојано менување и поради постојаните нови начини кои сторителите на овој вид на кривични дела ги пронаоѓаат, со недоволно развиена свест кај човекот и граѓанинот.

Кај овој вид на криминални активности, често се појавуваат организирани криминални групи, што уште повеќе го отежнува овој вид на криминални дејности (Бугарски Д, 2015).

**Кривични дела против животната средина и природата според КЗ, со посебен осврт на кривичното дело загадување на животната средина (чл.218 од КЗ)**

*Кривичниот закон на Република Северна Македонија* во глава дваесет и втора ги има опфатено кривичните дела против животната средина и природата: загадување на животната средина и природата (член 218), загадување вода за пиење (член 219), производство на штетни средства за лекување добиток и живина (член 220), несовесно укажување ветеринарна помош (член 221), пренесување заразни болести кај животинскиот и растителниот свет (член 222), загадување на добиточна храна или вода (член 223), уништување насади со употреба на штетна материја (член 224), узурпација на недвижности (член 225), незаконита експлоатација на минерални суровини (член 225-а), пустошење на шума (член 226), предизвикување шумски пожар (член 227), незаконит лов (член 228), незаконит риболов (член 229), загрозување на животната средина и природата со отпадни материи (член 230), неовластено прибавување и располагање со нуклеарни материи (член 231), неовластено производство, постапување и промет со опасни материи или штетни организми (член 232), мачење животни (член 233) и тешки дела против животната средина и природата (член 234) (Службен весник на РМ, 37/96, 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 170/17, 248/18, 36/23, 188/23).

Со новите измени на Кривичниот законик, односно со донесување на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик од 2023 година, предвидени се построги санкции за сторителите на кривични дела поврзани со еколошкиот криминал, како и се воведе ново кривично дело под член 218-б – Екоцид. Во него е предвидено дека секој којшто со намера да предизвика штета на животната средина, спротивно на закон, ќе преземе дејствие или ќе пропушти да преземе дејствие поради кое ќе настане сериозна или широко распространета или долготрајна штета на животната средина, ќе се казни со казна затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор".

Значајно да се каже е дека како објект за заштита за целата група на кривични дела е животната средина. Како жртви на овој вид на кривични дела се јавуваат сите луѓе, односно неодреден број, кои директно или индиректно се загрозени. По својата природа овие кривични дела влегуваат во редот на општоопасни дела. Исто така се работи за типични дела на загрозување. Последицата на делото најчесто е конкретна опасност за животот или здравјето на луѓето или за животинскиот или растителниот свет (Витларов, 2008).

Прво, но и најчесто кривично дело од оваа група на кривични дела е „Загадување на животната средина". Согласно членот 5 т.1 од Законот за животна средина: Животната средина е просторот со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина (Службен Весник на РМ, 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18, 176/21, 216/21, 89/22, 99/22, 171/22).

Дефинирањето на значењето на поимот загадување на животната средина, пак е во чл. 5 т.3 од Законот за животна средина, според кој: „ Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од којашто може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина" (Службен Весник на РМ, 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18, 176/21, 216/21, 89/22, 99/22, 171/22).

Согласно член 218 од КЗ секој којшто со непридржување на прописите за заштита и унапредување на животната средина ќе загади воздух, почва, вода, водна површина или водотек во поголем обем или на пошироко подрачје и со тоа ќе предизвика опасност за животот или здравјето на луѓето или уништување на животинскиот или растителниот свет во поголеми размери, ќе се казни со затвор од четири до десет години. Малку поголема казна следува за службено лице или одговорно лице во правно лице, односно казна затвор од најмалку 5 години, додека за дело сторено од небрежност сторителот ќе се казно парично, или со казна затвор до 3 години. Парична казна следува за правно лице кое ќе го стори ова кривично дело.

Согласно податоците од Државен завод за статистика, за периодот од 2018 – 2022 година, за пријавени полнолетни лица според кривичното дело, видот на одлуката и полот, за кривично дело Загадување на животната средина и природата, може да се направи увид, дека најчести сторители се мажи, кои во најчест случај се непознати и се во многу мал број, од што може да се заклучи дека откривањето и казнувањето е на многу ниско ниво. Подолу следува табеларен приказ.

| | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
|---|---|---|---|---|---|
| Кривично дело | Загадување на животната средина и природата чл.218 од КЗ | Загадување на животната средина и природата чл.218 од КЗ | Загадување на животната средина и природата чл.218 од КЗ | Загадување на животната средина и природата чл.218 од КЗ | Загадување на животната средина и природата чл.218 од КЗ |
| Вкупно пријавени полнолетни сторители | 2 | 3 | - | 2 | 1 |
| Вкупно познати полнолетни сторители | 2 | 1 | - | - | - |
| Жени | 1 | - | - | - | - |
| Отфрлена пријава | 2 | 1 | - | - | - |
| Прекината истрага | - | - | - | - | - |
| Запрена истрага | - | - | - | - | - |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Поднесен обвинителен предлог | - | - | - | - | - |
| Вкупно непознати сторители | - | 2 | - | 2 | 1 |

Табела 1: Пријавени полнолетни лица според кривичното дело, видот на одлуката и пол, по години. (Извор: Државен Завод за статистика)

Ваквата статистика укажува на фактот дека пријавените лица за кривичното дело загадување на животната средина се во многу мал број, а состојбите во кои се наоѓа животната средина се алармантни.

**Анализа на судска пракса и државен завод за статистика**

1) *Податоци од судски одлуки*

Во однос на методологијата за разработка на овој труд се поаѓа од прибирање на податоци за сторени кривични дела против животната средина и природата кои се достапни на страната sud.mk. Од достапни 199 пресуди на веб – страната, анализирани се повеќе од 50%, при што резултатот е означен во табела 1 во која се определени кривичните дела, казните и периодот кога се донесени пресудите.

| **Кривични дела** | **Казни** | **Период** |
|---|---|---|
| Незаконита експлоатација на минерални суровини (чл.225-а ст.2) | Алтернативна мерка – условна осуда (најчесто во траење од 6 месеци)<br><br>Парична казна за физички и правни лица (најчесто од 40.000,00 ден – 300.000,00 денари) | 2012 – 2023 година |
| Загадување на животната средина и природата (чл.218 ст.1 в.в. ст.5) | | |
| Загрозување на животната средина и природата со отпад (чл.230 ст.1) | | |
| Вршење недозволена трговија со неопасен отпад (чл.138-а ст.1 од Законот за управување со отпад) | | |

Табела 2: Најчести кривични дела од главата на кривични дела против животната средина и природата

2) *Податоци достапни од Државен завод за статистика*

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Кривични дела против животната средина и природата | | | | | | |
| Вкупно обвинети лица | 68 | 60 | 69 | 57 | 85 | 83 |
| Обвинети лица - жени | 4 | 1 | 1 | 4 | - | 8 |
| Обвинети лица - мажи | 64 | 59 | 68 | 53 | 85 | 75 |
| Осудителна пресуда | 62 | 17 | 32 | 34 | - | - |
| Пресуда врз основа на предлог-спогодба | - | - | - | - | - | 1 |
| Пресуда за издавање на казнен налог | - | 29 | 19 | 17 | 62 | 52 |
| Пресуда врз основа на признание на вина | - | 6 | 8 | 1 | 11 | 23 |
| Изречена мерка на безбедност без изречување на казна | - | - | - | - | - | 1 |
| Запрена постапка | 3 | 2 | 2 | 1 | 3 | 1 |
| Ослободител на пресуда | 2 | 5 | 5 | 1 | 5 | 2 |
| Одбивателна пресуда | 1 | 1 | 3 | 3 | 4 | 3 |
| Мерки на безбедност - Вкупно | - | - | 1 | - | - | 1 |

Табела 3: Обвинети полнолетни лица според кривичното дело, видот на одлуката и пол, по години. (Извор: Државен Завод за статистика)

✓ Период од 2008 – 2017 година

Според анализа на *Државниот завод за статистика* (Државен завод за статистика, 2018) во периодот од 2008 до 2017 година, направен е еден пресек од пријавени полнолетни граѓани за сторени кривични дела против животната средина и природата, односно вкупно 151 лице, од кои познати сторители се 128 граѓани, жени се 3, за 46 лица е отфрлена пријавата, за 11 лица е прекината истрагата, за 71 лице е поднесен обвинителен предлог и постојат 23 вкупно непознати сторители. Подетално, најголем број пријавени лица има за кривичното дело узурпирање на недвижност, потоа пустошење на шуми, незаконски лов, незаконски риболов, мачење на животни и останати кривични дела. Анализа е направена и на пријавени полнолетни сторители според подносителот на кривичната пријава за групата на кривични дела против животна средина и природата од кои вкупно се: 151 лице, од кои 6 непосредно од: оштетени граѓани, оштетени деловни субјекти, инспекција, органи на државна управа , непосредно сознание на ЈО и 95 преку МВР. Вкупно осудени лица се 62 лица, од кои 11 лица за кривичното дело Незаконска експлоатација на минерални суровини, 27 лица за кривичното дело узурпација на недвижност, 4 лица за кривичното дело пустошење на шума, 4 лица за кривичното дело незаконски лов, 9 лица за кривичното дело незаконски риболов, 2 лица за кривичното дело мачење на животни и 5 лица за останатите кривични дела од оваа глава на КЗ.

✓ Период од 2017 – 2023 година

Од анализите направени врз основа на податоците достапни на сајтот за период од 2017 до 2022 година, на Државниот завод за статистика, може да се забележи следнава статистика.

| Години | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Група на кривични дела | Кривични дела против животната средина и природата | Кривични дела против животната средина и природата | Кривични дела против животната средина и природата | Кривични дела против животната средина и природата | Кривични дела против животната средина и природата | Кривични дела против животната средина и природата |
| Вкупно обвинети лица | 68 | 60 | 69 | 57 | 85 | 83 |
| Прогласени за виновни | 62 | 52 | 59 | 52 | 73 | 77 |
| Не се прогласени за виновни | 6 | 8 | 10 | 5 | 12 | 6 |

Согласно достапните податоци, во 2017-та година, од вкупно 68 обвинети лица, 62 се прогласени за виновни, додека 6 лица не се прогласени за виновни. Во 2018 година, од вкупно 60 обвинети лица, 6 лица не се прогласени за виновни, додека останатите 52 се прогласени за виновни. Во 2019-та година, бројот на невини лица е значително зголемен – 10, додека во 2020 година, бројката повторно се намалува на 6 виновни лица од вкупно обвинети 57. Во 2021 и 2022 година, од вкупно 85 лица и 83 лица, обвинети се 73 за 2021 и 77 за 2022 година.

Од вака спроведената анализа, може да се заклучи дека од година во година имаме значително зголемување на бројот на виновни лица, што би значело дека постои спроведување на законодавството во делот на оваа група на кривични дела.

Следна анализа во поглед на кривичните дела против животната средина и здравјето на луѓето е направена врз основа на осудени лица полнолетни, согласно видот на кривичното дело, видот на изречената санкција и полот во периодот од 2017 до 2022 година.




**Заклучок**

Во текот на изминатите неколку децении, станува сè поочигледно дека заштитата на животната средина вклучува многу повеќе од само заштита на одредени природни области; тоа подразбира и нивно систематско зачувување, што е клучно за одржување на условите во кои живеат луѓето, флората и дивиот свет. Од спроведената анализа, јасно се гледа дека нашиот правен систем има опфатено голем дел на кривични дела против животната средина и природата, но кога станува збор за имплементацијата во делот на казнување, санкциите стануваат неконзистентни.

Иако штетите кои настануваат со сторување на овие кривични дела, казните во однос на загубите се премногу ниски, или пак најчесто завршуваат како условни. Најчести кривични дела се: загадување на животната средина и природата, загадување на животната средина и природата со отпад, вршење недозволена трговија со неопасен отпад (чл.138-а ст.1 од Законот за управување со отпад) и незаконита експлоатација на минерални суровини, чл.225 од КЗ. Од анализата пак на полнолетни осудени лица, согласно видот на кривичното дело, видот на изречената санкција и полот јасно се гледа дека бројот постепено се зголемува од година во година. Статистиката на податоци за период од 2017 – 2023 година за групата Кривични дела против животната средина и природата за вкупен број осудени лица се зголемува во вертикална линија.

Неспорен е фактот дека сторителите на овој вид кривични дела се казнуваат многу повеќе за разлика од минатото на територијата на РСМ, но состојбите во кои се наоѓа нашата држава во моментот укажува на фактот дека иако сторителите се казнуваат, најверојатно казните се премногу ниски, односно најчести казни се алтернативна мерка – условна осуда (во траење од 6 месеци) и парична казна за физички и правни лица (од 40.000,00 ден – 300.000,00 денари)

Со цел да се постигне поголема ефикасност и ефективност во делот на намалување на штетите кои се предизвикуваат со сторување на овие кривични дела потребно е построго казнување, како и поголема свесност кај граѓаните за можните штети кои настануваат или пак ќе настанат.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Banks, D., Davies, C., Gosling, J., Newman, J., Rice, M., Wadley, J., Walravens, F. (2008). *Environmental Crime: A threat to our future.* Environmental Investigation Agency.

Joldzic, V. (1997). *O elementima neophodnim za uspostavljanje ekoloskog prava kao samostalne pravne discipline pravne nauke.* Beograd: Pravo i zivotna sredina.

Lilic, S. (2014). *Ekolosko pravo.* Beograd: Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu.

Markovic, I. (2022). *Characteristics of Environmental Crimes as challenges for their detection and proving.* Belgrade: Faculty of Law, University of Belgrade.

Бугарски Д, Т. (2015). *Изазови организираног еколошког криминалитета.* Нови Сад: Правни факултет у Новом Саду.

Витларов, Т. (2008). *Казнено право посебен дел (авторизирани предавања).* Штип: Универзитет „Гоце Делчев" Штип - Правен факултет.

Државен завод за статистика. (2018). *Сторители на кривични дела во 2017 - Статистички преглед: Население и социјални статистики.* Retrieved from Сторители на кривични дела во 2017 - Статистички преглед: Население и социјални статистики.

Кацарски, Љ. (2013). *Улогата на полицијата на Република Македонија во превенирањето и сузбивањето на еколошкиот криминал - магистерски труд.* Скопје: Универзитет Св.Кирил и Методиј - Скопје, Филозофски факултет.

Мукоска, А. (2021). *Родовите аспекти во превенцијата на еколошкиот криминал.* Скопје: Центар за правни истражувања и анализи - ЦПИА.

Службен весник на РМ. (37/96, 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 170/17, 248/18, 36/23, 188/23). *Кривичен Закон на РМ.* Retrieved from Кривичен Закон на РМ.

Службен весник на РМ. (53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18, 176/21, 216/21, 89/22, 99/22, 171/22). *Закон за животна средина.* Retrieved from Закон за животна средина.